**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ Денче Дејаноски, Маврови Анови, Маврово Ростуше**

**за период од 2022 до 2024 година**




**18.6.2024**

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ Денче Дејаноски |
| Адреса | 1256, Маврови Анови<br>Република Северна Македонија |
| Телефон, е-пошта | 042/489-003, dencedejanoski@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | мај-јуни 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 30 |
| Број на подрачни училишта | 4 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Слаѓана Симуноска |
| Потпис | |
| Датум | 2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Музафер Бејта |
| Потпис | |
| Датум | 18.6.2024 |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| 1.1 **Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Вонаставни активности и натпревари** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници, родители, ученици; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, со насоки за следење и давање поддршка за подобрување.<br>Во текот на учебната година се следат тековно планирањата на наставниците од директорот и стручниот соработник.<br>Од анкетираните наставници 91,67 се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето дека добиваат навремена обука и поддршка од службата за планирањата, додека 8,33 се согласуваат со ова тврдење.<br>Анкетирани ученици – 68,75% целосно се согласуваат дека наставниците ја прават содржината од предметите интересна, додека 25% се согласуваат со тоа, а само 6,25% не се согласуваат со тоа.<br>Анкетирани родители – 100% целосно се согласиле дека сите часови се одржуваат според распоредот.<br>Фокус група наставници - Да, сме учествувале на обуки организирани од страна на БРО и МОН како дел редовни обуки и од План за развој на училиштето, темите се од областа на Промоција на тренинг за сајбер безбедност за едукатори, Сите сме еднакви, Учење на далечина, интернет апликации и платформи за учење, Претставување на медиумите, стереотипи и предрасуди, Говор на омраза во медиуми, Визуелни дезинформации и фото форензика, Родители и деца од дигитална генерација, Нови медиуми и социјални мрежи, Програма за личен развој, информациите и добиените знаења се споделуваат на ниво на Наставнички совети и Стручни активи.<br>Наставата и квалитетот на истата се следи и оценува со посета на часови од страна на стручна служба, директор, советници, инспектори, отворени часови на кои присуствуваат и останатите наставници, се следи периодично но и по план и програма |

| | | |
|---|---|---|
| | | на стручна служба и директорката. Повратните информации се добиваат после посетата, на електронска пошта, писмено, усно. Според дадените препораки наставниците се трудат да ги усогласат наставните планирања и со тоа да го подобрат своето работење. Процедурите за кариерно напредување на наставници не се доволно познати како се одвиваат.<br>Фокус група родители - Наставниците обезбедуваат пријатна атмосфера во текот на часот, се трудат наставната содржина да биде сфатена од сите ученици. Според потребите се обезбедува дополнителна настава, која се реализира, за што постои план за изведување на истата. Учениците имаат можност преку анкета да се запознаат со изборните предмети и да одлучат што би избрале од понудените.<br>Фокус група ученици - Имале збор на изборни предмети со анкета избираат од понудените од БРО. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците на стручните активи разменуваат искуства за планирањата кои ги подготвуваат за тековната година.<br>Наставниците применуваат наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од БРО-новата Концепција за основно образование, размена на искуства при подготовка на планирањата во реализацијата на зададените теми (содржини, поими и стандарди), преку соработка низ стручни активи иститите ги изработуваат.<br>Фокус група наставници - Повеќето наставници се вклучени во подготвување на Развојна програма и активности, информациите се споделуваат на состаноци на тимовите за самоевалуација, на Стручни активи, огласна табла, Совет на наставници. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со | Реализација на наставни планови и програми | Училиштето ги реализира наставните планови и програми за I- IX одд. според дадените наставни програми одобрени од БРО И МОН.<br>Училиштето ги реализира наставните планови и програми за VIII и IX одд. според дадените наставни програми одобрени од БРО И МОН.<br>Училиштето ги реализира наставните планови и програми според новата Концепција за образование одобрени од БРО и МОН за првиот период(I-III), вториот период (IV-V), и третиот период (само VII) .<br>Новата Концепција<br>ги опфаќа следниве теми:<br>- Цели на основното образование; |

| | | |
|---|---|---|
| наставници; ученици, родители; дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети. | | - Инклузивно образование;<br>- Родова рамноправност/сензитивност;<br>- Интеркултурност во образованието.<br>Новата концепција за основно образование содржи Национални стандарди кои се вградени во наставниот план(застапени во наставните предмети и во воннаставните активности),и во наставните програми(преточени во очекуваните резултати од учењето и активностите на учениците).Сите подрачја од националните страндарди се подеднакво важни и сите компетенции придонесуваат за успешно функционирање во општеството. Компетенците можат да се развиваат и користат во многу различни контексти и во различни комбинации.<br>Националните стандарди (знаења, вештини и ставови/вредости базирани на клучните компетенции за доживотно учење)опфаќаат 8 Подрачја:<br>I. Јазична писменост.<br>II. Користење други јазици.<br>III. Математика и природни науки.<br>IV. Дигитална писменост.<br>V. Личен и социјален развој.<br>VI. Општество и демократска култура.<br>VII. Техника, технологија и претприемништво.<br>VIII. Уметничко изразување и култура.<br>Резултатите од учењето наведени во наставните програми укажуваат на тоа  што треба да се научи,сите компоненти во наставната програма се поврзани со резулатите од учењето и се во функција на обезбедување основа за постигнување на резултатите од учењето.<br>Наставните планови и програми се достапни за секој заинтересиран поединец (наставник, родител, ученик).Тие се чуваат кај педагошката служба на училиштето, но можат да се добијат по нивно лично барање. Исто така тие се јавно достапни на веб страната на Бирото за развој на образованието.<br>Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.<br>Од анкетираните наставници, 74,7% целосно се согласуваат со тврдењето дека наставата се прилагодува на индивидуалните образовни потреби, се користат различни ресурси и решавање проблемски ситуации, додека 24.9 се согласуваат со |

| | | |
|---|---|---|
| | | истото.<br>Фокус група наставници - Да, сме учествувале на обуки организирани од страна на БРО и МОН како дел редовни обуки и од План за развој на училиштето, темите се од областа на Промоција на тренинг за сајбер безбедност за едукатори, Сите сме еднакви, Учење на далечина, интернет апликации и платформи за учење, Претставување на медиумите, стереотипи и предрасуди, Говор на омраза во медиуми, Визуелни дезинформации и фото форензика, Родители и деца од дигитална генерација, Нови медиуми и социјални мрежи, Програма за личен развој, информациите и добиените знаења се споделуваат на ниво на Наставнички совети и Стручни активи. Планирањата по предмети на наставниците се прават индивидуално и се споделуваат искуства и мислења на состаноци на Стручни активи. Часовите се одржуваат тековно, замена при отсуство се заменува од страна на слободни наставници и колеги. Наставните изборни предмети се избираат со понудени анкетни прашалници врз основа на понудените предмети од Наставен план и програма од БРО. Од четири категории слободни изборни предмети, дадени според водич за слободни изборни предмети, учениците бираат во тек на учебна година, еден предмет за прво и еден предмет за второ полугодие според прашалници и според условите кои се во училиштето (наставен кадар, просторни услови, материјални, ресурси и сл.). Секој наставник го спроведува часот според изготвено сценарио/подготовка за час врз основа на Годишното планирање за предметот. Активностите се прилагодени според потреби на учениците, за полесно да го совлада предвидениот материјал. Типичен успешен час е кога учениците активно се вклучени во спроведување на активностите во пракса. Исто и со употреба на современи апликации и интернет за барање на податоци или решавање на онлајн тестови на знаења. |
| | Избор на наставни предмети | Наставните предмети се користат според наставниот план за основно образование за учебната 2024/25 година од БРО: задолжителни предмети, слободни изборни предмети (IV- VII одд.), изборни предмети за VIII и IX одд, избор на втор странски јазик кои се избираат преку анкетни прашалници. Изборните/слободните активности и предмети се во согласност со Водичот за слободни изборни предмети даден од БРО, во кои се содржани интересите на учениците. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставниците задачите и активностите ги приспособуваат на различните образовни потреби и обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби. Планираат и |

| | |
|---|---|
| | реализираат активности од програмите соодветни на нивната возраст, реализираат дополнителна и додатна настава. Наставниците освен учебниците кои се одобрени од БРО користат различни ресурси за учење и настава како: дополнителна прирачна литература, користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми како што се учење преку проекти, искуствено учење, преку решавање проблеми, учење преку истражување и преку игра, примена на различни дигитални алатки и сл. Анкетирани ученици – 62,5% целосно се согласуваат дека учат на различни начини според нивни интереси, со употреба на различни извори за учење, само 31,25% се согласуваат со тоа, а 6,26 не се согласуваат со тоа.<br>Анкета родители – 60% целосно се согласиле дека се прилагодуваат активностите според индивидуалните потреби на децата. |
| Интеракција меѓу наставниците и учениците и<br>учениците меѓусебно | Во текот на наставниот процес се практикува интеракција меѓу наставниците и учениците, како и учениците меѓусебно во реализирањето на содржините и стандардите со примена на методи и техники. Создавање на средина за учење, атмосфера за учење, поттикнување на учениците за превземање одговорност во извршувањето на зададените активности при што се почитуваат различните образовни потреби на учениците се со цел поголема интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно.<br>Фокус група наставници - Генералната клима е добра, наставниците соработуваат помеѓу себе до одреден степен, споделуваат мислења и искуства, даваат конструктивни предлози на Совети и Стручни активи, секогаш се трудиме да се надминат сите непријатни ситуации и да се решат на конструктивен начин. Соработката со заедницата е добра, соработуваме со локални НВО, институции, повремено добиваме ресурси за изведување на еко акции, спортски игри, донации за училиштата за ранливи групи, материјални средства и сл. Планирање и обезбедување на наставен материјал обезбедува училиштето (хартија, прибор за цртање и пишување, печатач, хамери, лаптоп, прожектор, ТВ, интернет), понекогаш самите наставници индивидуално обезбедуваат средства за работа и спроведување на предвидени работилници од воннаставни активности. Родителите се вклучуваат во одредени активности како работилници на традиционална храна, предновогодишни и велигденски работилници, поддршка за различни потреби на училиштето и сл. Училиштето добро ја цени работата и вложување на ангажираните наставници и нивниот придонес за афирмација и подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. |

| | |
|---|---|
| Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Во училиштето застапено е инклузивното образование чии развоен период бара да се земат предвид потребите за учење на сите деца,со посебен акцент на оние што се подложни на марганализација и исклучување. Образовната инклузија опфаќа задоволување на потребите на учениците и тоа идентификување на образовните потреби на учениците и почитување на различните потреби на учениците во наставата. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и стварува соработка со Завод за ментално здравје и МКФ. |
| Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Во училиштето се реализираат МИО (интеркултурни) активностисо учениците според претходно направен план. Училиштето има подготвено ТУИ (тимот за училишна интеграција). Наставниците реализириаат МИО активности преку однапред подготвени акциски планови. МИО активностите се реализираат на два наставни јазика со јазично балансирани „мешани“групи, ученици од различни наставни јазици, поучувани од наставници кои реализираат настава на соодветните наставни јазици. МИО активностите се реализираат како работилници на одделенски часови, работилници на часови со корелации со други предмети, Воннаставни активности и сл. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| * Прашалник за ученици;<br>* Прашалник за родители;<br>* Прашалник за наставници;<br>* Разговор со ученичката заедница, наставниците;<br>* Увид во евиденцијата од страна на стручната служба;<br>* Дневници за одделенска и предметна настава;<br>* Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог;<br>* Годишен извештај за работата на Училиштето. | Средина и атмосфера за учење | Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, негува родовата еднаквост, мултикултураклизмот, меѓуетничка интеграција и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Училиштето има кодекс на однесување во кои се поставени принципи и правила на однесување во училиштето. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, истражуваат, да поставуваат прашања, да анализираат и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците за со цел обезбедување една позитивна атмосфера во училиштето.<br>Анкетирани ученици – 50% целосно се согласуваат дека целосно се мотивирани и вклучени во часовите, наставата и проектите, само 37,5% се согласуваат со тоа, 6,25 не се согласуваат и 6,25воопшто не се согласуваат со ова тврдење.<br>Фокус група наставници - Ги идентификуваме надарените ученици и учениците со образовни потреби со континуирано следење на нивните образовни резултати и постигања, со уредно водење на ученички досиеја, со водење на досиеја за учениците со потешкотии, наставата се одвива во согласност со нивните потреби и наставните единици се прилагодени со активности според нивните можности. Додатната и дополнителната настава во училиштето добро е организирана, учениците посетуваат ваква настава според тоа што наставниците го сметаат за недостиг на одредени знаења по предметите, наставниците самите одбираат на кој ученик му е потребно да го совладаат одредениот материјал.<br>Фокус група родители - Генерално децата сакаат да одат на училиште, за сите случувања во училиштето сме навремено информирани, од нашите деца и од наставниците (одделенски наставници) и стручната служба. По потреба од соодветниот предмет се применува учебник, интернет, компјутер, работни листови, тетратки, прибор и сл. Сме биле вклучени во училишните активности - работилници за здрава храна, традиционална храна, велигденски/бајрамски празници, за патрон празник, ден на општината, превоз на ученици за потребите на активностите. Учениците се згрижени од страна на училиштето, може да се обратат секогаш кога |

| | | |
|---|---|---|
| | | имаат проблем кај стручната служба, наставници, директор и секогаш од нив добиваат поддршка и се решава барањето или проблемот, ако постои.<br>Фокус група ученици - На часовите ние учиме, полесно и потешко е, добиваме вежби и активности, тестови, наставни листови за да го проверат знаењето, ги слушаме наставниците, учиме од книги, користиме интернет, хамери правиме, проекти, се третираат меѓусебно добро. Да, запознаени се со ученички парламент, работа со педагогот и стручната служба во училиштето, претседателите на паралелки споделуваат со останатите ученици тоа што се разговара на состаноците на парламентот. Многу се почитуваат правата на учениците, зависи и делумно се почитуваат обврските од страна на учениците. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на<br>учениците | Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.<br>Наставниците се однесуваат пријателски кон учениците;<br>- наставниците имаат слух за идеите на учениците;<br>- во училиштето редовно се изведува дополнителна настава, за послабите ученици, а повремено и додатна настава, за подобрите учениците, што имаат желба да се вклучат во проекти и натпревари, редовно добиваат инструкции и помош од наставниците - ментори. Учениците се вклучени и во воннаставните активности по одредени предмети. Учениците се поттикнуваат и се пофалуваат за нивната работа;<br>- наставниците имаат доверба за самостојно работење на учениците;<br>- оценувањето помага за подобрување на работата на учениците;<br>- училиштето активно се залага за задоволување на потребите на учениците од социјално ранливи категории и за нивно активно вклучување во наставниот процес;<br>-училиштето организира, проекти, ЕКО-акции во кое се вклучуваат сите ученици.<br>Анкетирани наставници – 83,33% се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето дека имаат интеракција со учениците и дека ги почитуваат и разбираат проблемите и потребите на учениците, додека 16.66% се изјасниле дека со тоа се согласуваат.<br>Анкетирани родители – 60% целосно се согласуваат дека часовите се интересни, средината е безбедна и мотивирачка и имаат пристап до медијатеката, 30% се согласуваат со ова, а само 10% не се согласуваат со ова тврдење.<br>Фокус група наставници - Учениците во нашето училиште се од различни етникуми, |

| | | |
|---|---|---|
| | | соработката меѓу нив е добра, доволно се помагаат меѓусебно, не прават никаква разлика по никој основ, не постои дискриминација на ранливите категории. Преку работилници и предавања од стручната служба и во редовната настава учениците се запознаени со нивните права и обврски, со стереотипи и говор на омраза, ненасилна комуникација, конфликтни ситуации и примери за нивно надминување. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| * Програма за работа на училиштето;<br>* Распоред за додатна и дополнителна настава;<br>* Стандарди за оценување;<br>* Увид во педагошка евиденција и документација;<br>* Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи и сл.);<br>* Примери на оценети ученички трудови;<br>* Прашалници за ученици и наставници;<br>* Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>* Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците<br><br><br><br>* Електронски дневник;<br>* Увид во педагошка | Училишна политика за оценување | Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување,вклучувајќи и кодекс за оценување,чија основна цел е да го подржи учењето на секој ученик.Училиштето на ниво на стручните активи донесува критериуми за оценување кои се усогласени со националните стандарди за постигања.<br>Секој наставник ги применува стандардите за оценување понудени од БРО, соодветно за наставниот предмет што го предава. Притоа има критериуми за оценување по секоја наставна тема/подрачје, што на учениците им се јасно и експлицитно кажано;<br>- наставниците ги следат и оценуваат учениците, во текот на целата учебна година, во одделенска настава (I, II, III одд.) описно, на секое тромесечје, на полугодие и на крајот од учебната година, додека учениците од IV, V, VI одд. се оценуваат описно, на трите тримесечја, а бројчано на крајот од учебната година, а учениците од VII, VIII, IX одд. се оценуваат бројчано, континуирано во текот на целата учебна година. Учениците добиваат бројчани оцени усно, но и писмено, за што наставниците водат план за писмено оценување.<br>- наставниците при оценувањето користат повеќе инструменти и методи за оценување (стандардизирани тестови, наставни ливчиња, чек листи, портфолија на ученички трудови и изработки, дигитални алатки и др.);<br>- наставниците редовно остваруваат групни и индивидуални средби со родителите, при што родителите имаат увид за постигнувањата на своето дете;<br>- работата на наставникот и оценувањето редовно ги следи и вреднува педагошката служба од училиштето.<br>Од анкетираните наставници, 83% се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето дека учениците редовно се пофалени за нивното знаење и труд и знаат за сопствените очекувања, додека 17% се согласуваат со ова.<br>Анкетирани ученици – 75% целосно се согласуваат дека редовно се оценуваат и известуваат за оценувањето и нивните постигнувања и дека редовно се пофалени, додека 25% се согласуваат со ова тврдење.<br>Фокус група родители - Родителите се информираат за напредокот и оценувањето на нивните деца преку родителски состаноци (групни и индивидуални), електронски |

| | | |
|---|---|---|
| евиденција и документација;<br>* Анкети со наставници, ученици и родители;<br>* Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>* Писмени извештаи;<br>* Евидентни листови;<br>*Записници од стручни активи, наставничкиот совет | | дневник, евидентни листови, тестови, наставни листови, свидетелства и сл. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување кои соодвествуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба.<br>Фокус група наставници - Оценувањето се врши секој час, со давање на усмена повратна информација – УПИ и пишана повратна информација - ППИ, формативно и сумативно на крај, самооценување од страна на учениците, користење на инструменти за оценување (чек листи, скали за самоевалуација, прашалници, органајзери и сл.). |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од двете претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е намален, тоа е поради намалениот број на ученици во училиштето. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br>Секој наставник јавно ја соопштува оценката, поттикнува или предупредува;<br>- се практикува свечено доделување на соодветни дипломи или награди, пофалници за ученици кои што учествувале на натпревари, игри, денови на општината, јавно доделување свидетелства.<br>- оценките се јавни, усни, писмени и описни и се соопштуваат како на ученикот, така и на родителот со одржување на родителски состаноци, организирање индивидуални средби (повикување на родител и сл.), писмени известувања за напредокот на ученикот по предмети, како и за нивното однесување;<br>- вклучувањето на учениците во проекти и презентации е јавно, во договор со родителите и со нивно повремено вклучување.<br>Анкета родители – 80% целосно се согласуваат дека учениците се оценети и пофалени за нивниот труд и дека тие се редовно информирани за напредокот на децата, а само 20% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група родители - Родителите навремено се информирани за сите случувања во |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето, добро функционира Советот на родители и секогаш имаат можност да се вклучат во давање на предлози и вонннаставни активности. |
| **Индикатор 1.5 Вонннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата. | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Согласно Концепцијата за воннаставни активности, во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштето се организираат и се остваруваат разновидни воннаставни активности кои се во согласност со развојните потреби и интереси на учениците, придонесуваат за когнитивниот, социоемоциналниот и психомоторниот развој на учениците, истите треба да бидат инклузивни и недискриминирачки, да бидат привлечни за учениците. Според должината на времетраењето се разликуваат неколку краткотрајни воннаставни активности (излети и екскурзии, еднократни работилници, акции во училиштето или заедницата)<br>-Подолготрајни воннаставни активности(секции/клубови)<br>Вонаставните активности се:хуманитарна/еколошка/социјална акција,еднократна работилница,еколошки клуб, спортски клуб,училишен театар, училишен хор и оркестар, меѓупредметни проекти и/или истражувања; додатна и/или дополнителна настава; слободни активности за учениците од одделенска и предметна настава, екскурзии (наставни, со општ воспитно- образовен карактер, комбинирани и екскурзии за забава и рекреација), натпревари (училишни, општински, регионални, републички), производствена и општествено-корисна работа на учениците) ученички заедници и др.<br>За учениците од осмо одд. се реализира вонаставна активност по предметот: Граѓанско образование „Антикорупциска едукација на учениците“<br>Дополнителната и додатната настава според новата Концепција се реализира за време на пет часовниот престој на учениците од I до V и за учениците од VI до IX одд. шест часовен престој во училиштето.<br>Дополнителната настава се организира за учениците од прво до деветo одделение кои во текот на редовната настава кои не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми,ученици со помали предзнаења.<br>Додатната настава се организира за учениците од прво до девето одделение кои во текот на редовната настава постигнале значителни резултати и покажуваат интерес да воннаставни активности: за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни програми.з а учениците со потешкотии во развојот се изготвуваат индивидуални образовни програми.<br>Екскурзиите се реализираат врз основа на Правилник за екскурзии од МОН со добиена согласност од БРО. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Фокус група наставници - Се спроведуваат вонnаставни активности – ВНА - спортски, образовни, научни, усовршување на вештини и сите наставници се вклучени во ВНА, како и сите (индивидуални и групни). Учениците делумно се вклучени во организирање и предлози за спроведување на ВНА. Тековно учествуваат на натпревари – литературни средби, информатика, англиски јазик. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Во нашето училиште сите ученици (македонски и албански наставен јазик) се вклучени во воннаставните активности. Во училиштето се реализираат општествено-хуманитарни активности (еколошка/социјална секција, еднократна работилница, спортски клуб, училишен хор, меѓупредметни проекти и истражувања, МИО активности во рамките на воннаставните активности.<br>Од анкетираните наставници, 83,33% се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето дека реализираат МИО активности со однапред направен план, додека 16,67% се согласуваат со ова тврдење.<br>Анкетирани родители – 60% целосно се согласуваат дека училиштето нуди различни воннаставни активности и сите ученици се вклучени во нив, само 20% се согласуваат со тоа, а 20% не знаат или немаат информација за тоа. |

| | | |
|---|---|---|
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура.<br>Анкетирани ученици – 31,25% целосно се согласуваат дека се вклучени во планирање и реализација на различни воннаставни активности со останатите ученици, само 56,25% се согласуваат со тоа, 6,25% не се согласуваат со ова тврдење, а 6,25% не знаат или немаат информација за тоа.<br>Фокус група родители - Да, учениците се вклучени во ВНА, според нивни интереси, можности, таленти, учествуваат по сопствен избор и со договор на соодветниот наставник. Активности кои се спроведуваат (спортски, научни, литературни, ликовни, музички).<br>Фокус група ученици - Да учествувале на активности воннаставни, сите деца вклучени, се забавуваат, интересно им е, имаат можност да се вклучат во изборот и начинот на изведување на истите. Излет, прошетка, работилници, за патрон празник, еко активности, имаа предавања и учествуваа во собирање на електронски отпад. |
| | Натпревари | Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето во целост ги реализира Наставните планови и програми според тековната наставна програма и Новата концепција за основно образование.

- Постојат можности за прилагодување на плановите и програмите според потребите на учениците, родителите, наставниците и локалната средина, но тие промени да бидат транспарентни и достапни до сите субјекти.
- Наставните планови и програми им се достапни на секој заинтересиран учесник во воспитно-образовниот процес: наставник, ученик, родител, советник, директор, педагог и др. по негово барање, а се чуваат кај педагошката служба на училиштето.
- Учениците можат да вршат избор на наставни предмети преку анкетни прашалници од страна на педагошката служба на училиштето на крајот од учебната година.
- Наставниците за да ги осовременуваат и усовршуваат Наставните планови и програми им се дава можност со тоа што се упатуваат на: семинари, обуки, советувања, конгреси, теренска настава, на располагање стручна литература и др.
- Можностите за интегративен пристап кон наставните содржини од различни предмети се реализираат, но треба да се работи на усогласување на Наставните програми од различни предмети да бидат временски компатибилни .
- Наставните планови и програми имаат голем удел во личниот и општествениот развиток на учениците без разлика на полова, расна и етничка структура, а воедно и влијаат врз разрешување на различни видови конфликти.
- Образование за човековите права се реализира преку: часовите на Граѓанско образование, одд. час, часовите по историја.
- Во училиштето се реализираат голем број на вон-наставни активности и тоа: работа во секции, хуманитарна, еколошка, социјална акција, еднократна работилница, еколошки клуб, спортски клуб, дополнителна, додатна настава, меѓупредметни проекти или истражувања и сл.
- Во воннаставните активности се вклучени ученици со различни психофизички способности.
- Со реализацијата на сите воннаставни активности училиштето стекнува признанија и награди.
- Наставниот кадар, со помош на стручната служба и директорот, успешно ги изготвуваат годишен глобален план, тематски планирања за секој наставен предмет, оперативни планови за час/сценарија за час, годишен план за дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности. Во тематските планирања се наведени и часовите во кои има примена на ИКТ;

* Редовно се одржуваат состаноци на Стручните активи каде наставниците разменуваат искуства и информации за планирањата и други потреби во врска со наставата (се дискутира за обуки, семинари и сл.), а тоа е уредно запишано во записници;

* Наставниците применуваат различни форми, методи, техники на работа при реализација на наставната програма, индивидуална работа, работа во парови, кооперативно учење, изработка на визуелни помагала и проекти во рамки на наставата и сл. , се применува ИКТ во наставата, истражување, презентации, вежби и др. ;

* Се применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини кај секој ученик. Подеднакво се однесуваат кон сите ученици, не се прави разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничка припадност и ги насочуваат учениците да не користат било какви стереотипи во секојдневната комуникација;

* Директорот и педагогот на училиштето вршат увид на час, кај секој наставник, за што се води записник со сугестии;

* Секој наставник во училиштето има портфолио, со стекнати сертификати, обуки и искуства;

* Училишната клима во училиштето е на високо ниво, се користат различни методи и материјали за стимулација при учење;

* Училиштето помага да се разбере проблематиката и опасноста од современите закани во општеството;

* Во училиштето постои кодекс на однесување и за учениците и за наставниците. Однесувањето помеѓу половите и меѓу учениците од различна верска и етничка припадност е пријателско. Не постојат стереотипи и никаква поделба;
* Училиштето активно се залага за задоволување на потребите на учениците од социјално ранливи категории и за нивно активно вклучување во наставниот процес;
* Наставниците редовно остваруваат групни и индивидуални средби со родителите, при што родителите имаат увид за постигнувањата на детето;
* Работата на наставникот и оценувањето редовно ги следи и вреднува педагошката служба од училиштето;
* Оценките јавно им се соопштуваат како на ученикот, така и на родителот со одржување на родителски состаноци, организирање индивидуални средби (повикување на родител и сл.), писмени известувања за напредокот на ученикот по предмети, како и за нивната дисциплина.

**Силни страни**

Целокупниот колектив се стреми кон помодерна, посовремена настава со примена на најсовремени форми и активни методи на работа и примена на голем број нагледни средства. Вклучување на училиштето во голем број на проектни активности: вклученост на наставници на конгреси,обуки, семинари, објавување стручни трудови. Мотото на училиштето е ,,Квалитетно училиште со квалитетна настава по мерка на ученикот’’ што укажува на тоа дека ученикот е во центарот на воспитно образовниот процес. Се изработуваат годишни,неделни планирања и сценарија во одделенска настава,тематско-процесни планирања, оперативни планови, сценарија со примена на интеграции и корелации на содржините по одделни наставни предмети. Учество на наши наставници на семинари и обуки организирани од БРО—Учење на далечина-интернет апликации и платформи на учење; Инклузија и пристапи во поучување на учениците со посебни образовни потреби/попреченост.; Стратегии и менаџмент во училница-принципи и примери за добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и онлајн-виртуелна училница; Редовно следење на тековните онлајн вебинари.

**Слаби страни**

Недоволна корелација во наставните програми помеѓу различни наставни предмети како би била поголема можноста од примена на интегрирана настава.

**Приоритети**

* Натамошно усовршување на Наставните планови и програми и примена на најсовремени методи и форми на работа, наставна технологија согласно барањата на современите текови во наставата;
* Корелација во наставните програми помеѓу различни наставни предмети како би била поголема можноста од примена на интегрирана настава;
* Професионален развој и усовршување на наставниците преку идни обуки, семинари и сл.;
* Прилагодување на училниците за кабинетска настава;
* Збогатување на библиотеката со нови лектирни изданија и набавка на нагледни средства и соодветна опрема за мултимедијални подготовки (камера, дигитален апарат и сл.);
* Соодветни инфраструктурни погодности за евентуални ученици со посебни потреби.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 2.1 Постигања на учениците<br>2.2 Мерки за подобрување на постигањата |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Дневник на паралелките;<br>Евидентни листови за успех и поведение;<br>Прегледи за успех од тромесечје;<br>Записници од Наставнички совет и<br>Одделенски совети;<br>Записници од стручни активи;<br>Анкети со наставници, родители и ученици;<br>Годишна програма за работа и Извештај за работа на училиштето;<br>Извештаи од стручна служба;<br>Извештаи од родителски средби;<br>Споредбени прегледи од резултати од оценувањето;<br>Разговор со стручна служба;<br>Програма за додатна и дополнителна настава;<br>Евиденција за индивидуален напредок на учениците; | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето превзема конкретни активности за подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност и тоа според наставните предмети и квалификационите периоди. Часовите по дополнителна и додатна настава редовно се реализираат и истите им помагаат на учениците во надминување на потешкотиите во учењето, односно во надополнување на нивните знаења.<br>Фокус група родители - Генерално децата сакаат да одат на училиште, за сите случувања во училиштето сме навремено информирани, од нашите деца и од наставниците (одделенски наставници) и стручната служба. Наставниците обезбедуваат пријатна атмосфера во текот на часот, се трудат наставната содржина да биде сфатена од сите ученици.  Според потребите се обезбедува дополнителна настава, која се реализира, за што постои план за изведување на истата. Учениците имаат можност преку анкета да се запознаат со изборните предмети и да одлучат што би избрале од понудените. Да, учениците се вклучени во ВНА, според нивни интереси, можности, таленти, учествуваат по сопствен избор и со договор на соодветниот наставник. Активности кои се спроведуваат (спортски, научни, литературни, ликовни, музички). По потреба од соодветниот предмет се применува учебник, интернет, компјутер, работни листови, тетратки, прибор и сл.<br>Фокус група ученици - На часовите ние учиме, полесно и потешко е, добиваме вежби и активности, тестови, наставни листови за да го проверат знаењето, ги слушаме наставниците, учиме од книги, користиме интернет, хамери правиме, проекти, се третираат меѓусебно добро. Имале збор на изборни предмети со анкета избираат од понудените од БРО. Да учествувале на активности вонннаставни, сите деца вклучени, се забавуваат, интересно им е, имаат можност да се вклучат во изборот и начинот на изведување на истите. Излет, прошетка, работилници, за патрон празник, еко активности, имаа предавања и учествуваа  во собирање на електронски отпад.<br>Фокус група наставници - Наставните изборни предмети се избираат со понудени анкетни прашалници врз основа на понудените предмети од Наставен план и програма од БРО.  Од четири категории слободни изборни предмети, дадени според водич за слободни изборни предмети, учениците бираат во тек на учебна |

| | | |
|---|---|---|
| | | година, еден предмет за прво и еден предмет за второ полугодие според прашалници и според условите кои се во училиштето (наставен кадар, просторни услови, материјални, ресурси и сл.). Секој наставник го спроведува часот според изготвено сценарио/подготовка за час врз основа на Годишното планирање за предметот. Активностите се прилагодени според потреби на учениците, за полесно да го совлада предвидениот материјал. Типичен успешен час е кога учениците активно се вклучени во спроведување на активностите во пракса. Исто и со употреба на современи апликации и интернет за барање на податоци или решавање на онлајн тестови на знаења. Оценувањето се врши секој час, со давање на усмена повратна информација – УПИ и пишана повратна информација - ППИ, формативно и сумативно на крај, самооценување од страна на учениците, користење на инструменти за оценување (чек листи, скали за самоевалуација, прашалници, органајзери и сл.). Се спроведуваат вонаставни активности – ВНА - спортски, образовни, научни, усовршување на вештини и сите наставници се вклучени во ВНА, како и сите (индивидуални и групни). Учениците делумно се вклучени во организирање и предлози за спроведување на ВНА. Тековно учествуваат на натпревари – литературни средби, информатика, англиски јазик. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Наставниците и учениците покажуваат разбирање кон учениците со потешкотии во учењето и им помагаат за да ги надминат проблемите со учењето. Идентификувањето на истите се врши во соработка со наставниците и стручната служба, истото се разговара и на стручни активи, каде што се предлагаат начини и активности за работа со овие ученици.<br>Фокус група наставници - Ги идентификуваме надарените ученици и учениците со образовни потреби  со континуирано следење на нивните образовни резултати и постигања, со уредно водење на ученички досиеја,  со водење на досиеја за учениците со потешкотии, наставата се одвива во согласност со нивните потреби и наставните единици се прилагодени со активности според нивните можности. Додатната и дополнителната настава во училиштето добро е организирана, учениците посетуваат ваква настава според тоа што наставниците го сметаат за недостиг на одредени знаења по предметите, наставниците самите одбираат на кој ученик му е потребно да го совладаат одредениот материјал. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на | Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците, и тоа на родителските состаноци одржани после Наставничките совети (доделување на евидентни листови), при индивидуални родителски средби со одделенски |

| | | |
|---|---|---|
| | учениците | наставници (по потреба и повик од стручната служба).<br>Анкета наставници – 50% целосно се согласуваат дека разговараат за постигањата на своето дете по нивниот предмет, 41,65% се согласуваат со тоа, а само 8,33% не се согласуваат со тоа.<br>Анкета ученици – 62,5% целосно се согласуваат дека нивните родители постојано се известени за напредокот во училиштето, 31,25% се согласуваат со тоа, а 6,25% не се согласуваат со тоа.<br>Анкета родители – 80% целосно се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста за нивното дете, а само 20% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група родители - Родителите се информираат за напредокот и оценувањето на нивните деца преку родителски состаноци (групни и индивидуални), електронски дневник,  евидентни листови, тестови, наставни листови, свидетелства и сл. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Дневник на паралелките;<br>Извештаи од родителски состаноци;<br>Извештаи за индивидуални средби на стручна служба со родителите;<br>Програма за додатна и дополнителна настава;<br>Извештаи од учество на натпревари; | Редовност во наставата | Редовноста во наставата е приоритет во нашето училиште. Информациите кои се собрани од електронскиот дневник посочуваат дека учениците во највисок број се редовни во наставата, има отсуства поради болест, кои се тековни, но во целост редовноста задоволува. Помал број ученици имаат голем број на отсуства и за тоа се известуваат родителите/старателите и Центарот за социјални работи.<br>Фокус група ученици - Многу се почитуваат правата на учениците, зависи и делумно се почитуваат обврските од страна на учениците.<br><br>Фокус група наставници - Да, сме учествувале на обуки организирани од страна на БРО и МОН како дел редовни обуки и од План за развој на училиштето, темите се од областа на Промоција на тренинг за сајбер безбедност за едукатори, Сите сме еднакви, Учење на далечина, интернет апликации и платформи за учење, Претставување на медиумите, стереотипи и предрасуди, Говор на омраза во медиуми, Визуелни дезинформации и фото форензика, Родители и деца од дигитална генерација, Нови медиуми и социјални мрежи, Програма за личен развој, информациите и добиените знаења се споделуваат на ниво на Наставнички совети и Стручни активи. Планирањата по предмети на наставниците се прават индивидуално и се споделуваат искуства и мислења на состаноци на Стручни активи. Часовите се одржуваат тековно, замена при отсуство се заменува од страна на слободни наставници и колеги. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Стручната служба во училиштето реализира советувања со родителите и учениците со цел подобрување на постигањата во наставата. Советувањата и средбите се реализираат според проценка на наставниците, стручната служба, за да се реализираат и спроведат со цел да имаат влијание и соработка со наставниците. За тоа се води уредна документација.<br>Анкета родители – 50% целосно се согласуваат дека добиваат совети од училиштето за подобрување на успехот и однесувањето на нивното дете, и 50% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група наставници - Учениците во нашето училиште се од различни етникуми, соработката меѓу нив е добра, доволно се помагаат меѓусебно, не прават никаква разлика по никој основ, не постои дискриминација на ранливите категории. Преку |

| | | |
|---|---|---|
| | | работилници и предавања од стручната служба и во редовната настава учениците се запознаени со нивните права и обврски, со стереотипи и говор на омраза, ненасилна комуникација, конфликтни ситуации и примери за нивно надминување. Родителите навремено се информирани за сите случувања во училиштето, добро функционира Советот на родители и секогаш имаат можност да се вклучат во давање на предлози и воннаставни активности. Соработката со заедницата е добра, соработуваме со локални НВО, институции, повремено добиваме ресурси за изведување на еко акции, спортски игри, донации за училиштата за ранливи групи, материјални средства и сл. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.<br>Додатната настава интензивирано се реализира пред учеството на учениците на натпревари. Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи.<br>Во учебната 2022/2023 година учениците освоиле награди на општински натпревар по фудбал, награди на натпревари по информатика. Голем број од наставниците се консултираат со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците.<br>Анкета ученици – 50% целосно се согласуваат дека се поттикнати да учат и подобрат успех преку организирање дополнителна настава со разјаснување на материјалот, 43,75% се согласуваат со тоа, а 6.25% не се согласуваат со тоа тврдење.<br>Анкета наставници – 41,65% целосно се согласуваат дека ги идентификуваат надарените и учениците со потешкотии и даваат насоки на родителите за да помогнат на своето дете, а само 58,31% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група родители - Сме биле вклучени во училишните активности - работилници за здрава храна, традиционална храна, велигденски/бајрамски празници, за патрон празник, ден на општината, превоз на ученици за потребите на активностите. Учениците се згрижени од страна на училиштето, може да се обратат секогаш кога имаат проблем кај стручната служба, наставници, директор и секогаш од нив добиваат поддршка и се решава барањето или проблемот, ако постои.<br>Секогаш добиваме навремени информации од состаноците на Совет на родители и Училиштен одбор, информации кои се битни за образование на нашите деца. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br>- Училиштето презема активности за подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност;<br>- Часовите по дополнителна и додатна настава редовно се реализираат и истите им помагаат на учениците во надминување на потешкотии во учењето.<br>- Наставниците и учениците покажуваат разбирање кон учениците со потешкотии во учењето и им помагаат за да ги надминат проблемите со учењето.<br>- Идентификувањето на истите се врши во соработка со наставниците и стручната служба.<br>- Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците, и тоа на родителските состаноци.<br>- од електронскиот дневник се гледа дека учениците во највисок број се редовни во наставата, има отсуства поради болест.<br>- Помал број ученици имаат голем број на отсуства и за тоа се известуваат родителите/старателите и Центарот за социјални работи.<br>- Стручната служба во училиштето реализира советувања со родителите и учениците со цел подобрување на постигањата во наставата.<br>- За тоа се води уредна документација.<br>- училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.<br>- Додатната настава интензивирано се реализира пред учеството на учениците на натпревари.<br>- Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи.<br>- учениците освоиле награди на општински натпревар по фудбал, награди на натпревари по информатика. Голем број од наставниците се консултираат со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците. |
|---|
| **Силни страни**<br>Училиштето има систем за идентификација на талентирани и надарени ученици;<br>Училиштето има тим за инклузија, идентификување на ученици со функционална проценка;<br>Училиштето редовно изготвува распоред за дополнителна и додатна настава. |
| **Слаби страни**<br>Недостаток на стратегија за идентификација на надарени ученици.<br>Потреба од поголема соработка на родителите во процесот на идентификација на талентирани и надарени ученици;<br>Потреба од поголема соработка на родителите и локалната заедница во процесот на идентификација и реализација на програмата за ученици со функционална попреченост. |

**Приоритети**

Изработување на стратегија за идентификација на надарени и талентирани ученици и нивна вклученост во повеќе училишни и вон училишни активности.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| * Разговор со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците;<br>* Записници од училишниот одбор, советот на родители и стручните органи на училиштето;<br>* Интернет страницата на училиштето;<br>* Записници од одржани родителски средби;<br>* Годишна програма за работа на училиштето;<br>* Полугодишен и годишен Извештај од работата на училиштето;<br>* Разговор со ученичката заедница;<br>* Разговор со стручна служба;<br>* Записници од работата на Училишната заедница;<br>* Анкети со наставници, родители и ученици;<br>* Споредбени прегледи од резултати од оценувањето;<br>* Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се следи системски; | Углед/имиџ на училиштето | Нашето училиште има убава местоположба, се наоѓа во еден живописен предел од Националниот парк Маврово, во населбата Маврови Анови. Училишната зграда има таква конструкција, што од сите простории/училници има прекрасен поглед на Мавровското езеро и планината Бистра, тоа дополнително го прави пријатен престојот во нашето училиште. Училиштето подеденакво ги третира и се грижи за сите ученици во нашето училиште, секогаш е спремно да им помогне на учениците од социјално ранливите категории. Во локалната средина училиштето е препознатливо по промовирање високи постигања, дисциплина, активно учество во разни еколошки акции, пошумувања и сл. во соработка со локалната заедница. Училиштето спроведува воннаставни и слободни активности, по кои е препознатливо во средината. Училиштето активно учествува во сите манифестации (општински прослави, приредби, литературни средби, спортски манифестации и сл.) и е дел од актуелните случувања. За афирмирање на сите свои активности и учества на најразлични збиднувања, училиштето главно ги користи групите на социјалните мрежи, Интернет- страница, ученичко катче и сл. Училиштето има изградено систем за промовирање на постигањата на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина.<br>Фокус група наставници - Училиштето добро ја цени работата и вложување на ангажираните наставници и нивниот придонес за афирмација и подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Наставата и квалитетот на истата се следи и оценува со посета на часови од страна на стручна служба, директор, советници, инспектори, отворени часови на кои присуствуваат и останатите наставници, се следи периодично но и по план и програма на стручна служба и директорката. Повратните информации се добиваат после посетата, на електронска пошта, писмено, усно. Според дадените препораки наставниците се трудат да ги усогласат наставните планирања и со тоа да го подобрат своето работење. Процедурите за кариерно напредување на наставници не се доволно познати како се одвиваат. |

| | | |
|---|---|---|
| * Разговор со петставник од Ученичкиот парламент. | Кодекс на однесување | Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика и има примери од спроведувањето. Училиштето има воспоставено редовни процедури за ажурирање на содржината на кодексот на однесување, кој ги вклучува сите засегнати страни.<br>Анкета родители – 10% целосно се согласуваат дека се запознати со Кодексот на однесување во училиштето и дека може да придонесат за негово ажурирање, 70% се согласуваат со тоа, 10% не се согласуваат со тоа, а 10% не знаат или немаат информација. |
| | Училишна клима | Структурата на учениците во нашето училиште иако е различна по повеќе основи (социјален статус, етничка припадност и сл.) сепак соживотот е одличен, постои заемно почитување и подеднаква вклученост во активностите во училиштето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Вработените ги советуваат учениците да се грижат едни за други, да си помагаат, да соработуваат, да се грижат и за училиштето во целост. Сите ученици се чувствуваат безбедно, спокојно и добро се прифатени од возрасните и од нивните соученици во училиштето. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат и да постигнуваат повисоки цели.<br>Анкета наставници – 50% целосно се согласуваат дека учествувале во изработка на Кодексот на однесување во училиштето, постапуваат по него, има позитивна поттикнувачка атмосфера и соработка со колегите, а 50% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група наставници - Генералната клима е добра, наставниците соработуваат помеѓу себе до одреден степен, споделуваат мислења и искуства, даваат конструктивни предлози на Совети и Стручни активи, секогаш се трудиме да се надминат сите непријатни ситуации и да се решат на конструктивен начин. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Училиштето има куќен ред кој го почитуваат учениците и наставниците и сите други вработени. Постои работна атмосфера за време на редовната настава и за воннаставните активности. Вработените/наставниците постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно со проширената програма на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка работи за надминување и решавање на проблеми, поради кои е изречена педагошка мерка.<br>Анкета ученици – 93,75% целосно се согласуваат дека сакаат да одат на училиште и се прифатени од наставници и ученици и се запознати со последици за непочитување правила, а 6,25% се согласуваат со тоа. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Во училиштето функционира Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето (во училишта на повеќе наставни јазици) и ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Учениците, членови на ученичкиот парламент, редовно се поканувaат и присуствуваат на состаноци на Училишниот одбор. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| * Педагошка евиденција, структура на паралелките;<br>* Наставни програми и проекти по предметите во кои се изучуваат содржини за мултикултурализмот;<br>* Анкети со ученици, родители и наставници;<br>* Програма за работа на стручната служба;<br>* Годишна програма за работа на училиштето и годишен статистички извештај;<br>* Извештаи за реализирани активности поврзани со проектот за меѓуетничка интеграција. | Познавање и почитување на правата на децата | Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат.<br>Анкета ученици – 87,5% целосно се согласуваат дека се запознати со правила за однесување и ги почитуваат истите и имаат еднакви можности за учество во активности во училиштето, а само 12,5% се согласуваат со тоа тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности.<br>Анкета родители – 50% целосно се согласуваат дека нивното дете и прифатено и почитувано од наставниците и соучениците, а 50% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група наставници - Да, сме учествувале на обуки организирани од страна на БРО и МОН како дел редовни обуки и од План за развој на училиштето, темите се од областа на Промоција на тренинг за сајбер безбедност за едукатори, Сите сме еднакви, Учење на далечина, интернет апликации и платформи за учење, Претставување на медиумите, стереотипи и предрасуди, Говор на омраза во медиуми, Визуелни дезинформации и фото форензика, Родители и деца од дигитална генерација, Нови медиуми и социјални мрежи, Програма за личен развој, информациите и добиените знаења се споделуваат на ниво на Наставнички совети и Стручни активи. Секој наставник го спроведува часот според изготвено сценарио/подготовка за час врз основа на Годишното планирање за предметот. Активностите се прилагодени според потреби на учениците, за полесно да го совлада предвидениот материјал.<br>6. Типичен успешен час е кога учениците активно се вклучени во спроведување на активностите во пракса. Исто и со употреба на современи апликации и интернет за барање на податоци или решавање на онлајн тестови на знаења. Учениците во нашето училиште се од различни етникуми, соработката меѓу нив е добра, доволно се помагаат меѓусебно, не прават никаква разлика по никој основ, не постои дискриминација на ранливите категории.  Преку работилници и предавања од стручната служба и во редовната настава учениците се запознаени со нивните права и обврски, со стереотипи и говор на омраза, ненасилна комуникација, конфликтни ситуации и примери за нивно надминување. Повеќето наставници се вклучени во подготвување на Развојна програма и активности, информациите се споделуваат на состаноци на тимовите за самоевалуација, на Стручни активи, огласна табла, Совет на наставници. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| * Годишна програма за работа на училиштето;<br>* Анкети и интервјуа со учени-ците и со родителите/старателите; | Соработка на училиштето со родителите/старателит е | Училиштето овозможува информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата во училиштето навремено да им се достапни на родителите/старателите во усна, пишана или електронска форма. Училиштето прави добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната |

| | | |
|---|---|---|
| * Досие на ученикот;<br>* Записници од групни и индивидуални родителски средби;<br>* Е – дневник;<br>* Согласности од родителите/старателите;<br>* Извештаи и анализи од заеднички проекти и активности. | | работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мисleњата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.<br>Анкета родители – 30% целосно се согласуваат дека се почитуваат нивните мислења и ставови за унапредување на воспитно-образовниот процес и со тоа влијаат врз одредени одлуки, 60% се согласуваат со тоа тврдење, а 10% целосно не се согласуваат со тоа.<br>Фокус група родители - Генерално децата сакаат да одат на училиште, за сите случувања во училиштето сме навремено информирани, од нашите деца и од наставниците (одделенски наставници) и стручната служба. Сме биле вклучени во училишните активности - работилници за здрава храна, традиционална храна, велигденски/бајрамски празници, за патрон празник, ден на општината, превоз на ученици за потребите на активностите. Учениците се згрижени од страна на училиштето, може да се обратат секогаш кога имаат проблем кај стручната служба, наставници, директор и секогаш од нив добиваат поддршка и се решава барањето или проблемот, ако постои. Секогаш добиваме навремени информации од состаноците на Совет на родители и Училиштен одбор, информации кои се битни за образование на нашите деца.<br><br>Фокус група наставници - Родителите навремено се информирани за сите случувања во училиштето, добро функционира Советот на родители и секогаш имаат можност да се вклучат во давање на предлози и воннаставни активности. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и општината и урбаната заедница.<br>Анкета наставници – 41,65% целосно се согласуваат дека соработуваат со родителите и општината во заеднички проекти, а 58,31% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група наставници - Соработката со заедницата е добра, соработуваме со локални НВО, институции, повремено добиваме ресурси за изведување на еко акции, спортски игри, донации за училиштата за ранливи групи, материјални средства и сл. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| * Закон за основно образование;<br>* Годишна програма за работа на педагогот;<br>* Куќниот ред на училиштето;<br>* Кодекс на однесување на наставниците и учениците;<br>* Правилник за заштита и спасување од елементарни непогоди;<br>* Програма од Образование за животни вештини;<br>* Увид во просториите на училиштето и училишниот двор;<br>* Анкета со родители и ученици;<br>* Записници од надлежни органи за хигиена;<br>* Извештаи од систематски прегледи;<br>* Правилник за организација и систематизација на работите и работните задачи;<br>* Записници од работилници те;<br>* Записници од родителските средби;<br>* Записници од индивидуални разговори со родителите и со учениците;<br>* Записници од состаноци на тимот за инклузија;<br>* Записници од разговорите со наставниците и со стручната служба;<br>* Годишен извештај на училиштето;<br>* Куќен ред;<br>* Анкети со наставници, родители и ученици; | Превенција и заштита од насилство | Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставници, ученици и родители/старатели). Вработените си ја знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители/старатели и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. По преземените активности, насилството од прво и второ ниво во училиштето се намалуват, а нема евидентирано насилство од трето ниво.<br>Анкета родители – 30% целосно се согласуваат дека децата сакаат да одат на училиште, училиштето добро се справува со дисциплината условите за учење се исти за сите, добро се справуваат и превенираат насилство, поддршката за хигиена, заштита од пороци и емоционална состојба се приоритет на училиштето, а и даваат информации за понатамошно школување. 60% од испитаните се согласуваат со ова, а 10% не се согласуваат.<br>Анкета наставници – 50% целосно се согласуваат дека учествуваат во спречување на врсничко насилство, поддршка на ранливи групи ученици и родители во решавање на проблеми, а 50% се согласуваат со ова тврдење.<br>Анкета ученици – 68,75% целосно се согласуваат дека се чувствуваат безбедно, знаат каде да се обратат за помош, информирани се за заштита од насилство, пороци и дека учат во чиста и уредна средина, а 31,25% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група ученици - На часовите ние учиме, полесно и потешко е, добиваме вежби и активности, тестови, наставни листови за да го проверат знаењето, ги слушаме наставниците, учиме од книги, користиме интернет, хамери правиме, проекти, се третираат меѓусебно добро. Имале збор на изборни предмети со анкета избираат од понудените од БРО. Да учествувале на активности вонаставни, сите деца вклучени, се забавуваат, интересно им е, имаат можност да се вклучат во изборот и начинот на изведување на истите. Излет, прошетка, работилници, за патрон празник, еко активности, имаа предавања и учествуваа во собирање на електронски отпад. Да, запознаени се со ученички парламент, работа со педагогот и стручната служба во училиштето, претседателите на паралелки споделуваат со останатите ученици тоа што |

| | | |
|---|---|---|
| * Педагошка евиденција за изречените педагошки мерки во одделенскиот дневник и записници од наставнички совет;<br>* Евиденција на стручните службени извешти;<br>* Записници од одржани состаноци на Ученичката заедница;<br>* Записници од Наставнички совети;<br>* Изложени трудови на учениците;<br>* Пано со пофалби и награди;<br>* Медиумско промовирање;<br>* Анкетни листови за родители, наставници, ученици;<br>* Годишна програма за работа на училиштето;<br>* Интернет страница;<br>* Педагошка евиденција и документација во однос на вклученоста на учениците во воннаставните активности; | | се разговара на состаноците на парламентот. Многу се почитуваат правата на учениците, зависи и делумно се почитуваат обврските од страна на учениците. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Училиштето има стратегија за едуцирање на учениците за опасностите и штетноста од пушењето, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. За таа цел во училиштето во соработка со служби од надлежните институции, се организираат и одржуваат работилници и трибини на кои се потенцира штетноста од овие средства. Во внатрешноста на училишната зграда има истакнато плакати и постери со кои се забранува внесување и користење на алкохол, цигари, дрога и други наркотични средства во училишните простории и надвор од нив. Во училиштето не е дозволено пушење и пиење на алкохол и други штетни супстанции. Не се регистрирани случаи на психичко и физичко малтретирање меѓу учениците. |
| | Квалитет на достапна храна | Во училиштето се води кампања за здрава исхрана. Се организираат работилници, предавања, на тема: „Здрава храна-здрав живот“, што придонесува за едукација на учениците, да знаат да препознаат квалитет на храната и да научат правилно да се хранат. Се проверува квалитетот на храната што ја земаат учениците. Досега не е забележана појава на труење на ученици од храна. |
| | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето секојдневно воспитно и образовно делува посочувајќи им на учениците и на вработените како да ја одржуваат хигиената во просториите во кои претстојуваат. По потреба се одржуваат предавања на оваа тема, лична хигиена, хигиената во училиштето и училишниот двор. Учениците и вработените се грижат и ја одржуваат хигиена во просториите. Подот на училниците, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат секојдневно, пред почетокот на наставата, по големиот одмор и по заминувањето на учениците . Инвентарот, вратите и прозорците во училишниот простор се чистат според распоред на неделно и месечно ниво. Тоалетите за учениците и наставниците секојдневно се чистат и хигиената во истите е задоволителна. Дворот на училиштето е чист. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Грижата за здравјето на учениците е внимателно планирана и опфатена во Годишната програма за работа на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Грижата за безбедноста на учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето е задоволителна. Во училиштето има ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.<br>Фокус група наставници - Часовите се одржуваат тековно, замена при отсуство се заменува од страна на слободни наставници и колеги. Наставните изборни предмети се избираат со понудени анкетни прашалници врз основа на понудените предмети од Наставен план и програма од БРО. Од четири категории слободни изборни предмети, дадени според водич за слободни изборни предмети, учениците бираат во тек на учебна година, еден предмет за прво и еден предмет за второ полугодие според прашалници и според условите кои се во училиштето (наставен кадар, просторни услови, материјални, ресурси и сл.). |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Со оглед на тоа што во нашето училиште учат и ученици од социјално ранливи семејства, училиштето се грижи за нив, обезбедува материјални средства за нивно успешно следење на воспитно-образовниот процес. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа). |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо-емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето се спроведуваат активности, предавања за социо-емоционално учење.<br>Фокус група родители - . Наставниците обезбедуваат пријатна атмосфера во текот на часот, се трудат наставната содржина да биде сфатена од сите ученици. Според потребите се обезбедува дополнителна настава, која се реализира, за што постои план за изведување на истата. Родителите се информираат за напредокот и |

| | | |
|---|---|---|
| | | оценувањето на нивните деца преку родителски состаноци (групни и индивидуални), електронски дневник,  евидентни листови, тестови, наставни листови, свидетелства и сл. Учениците имаат можност преку анкета да се запознаат со изборните предмети и да одлучат што би избрале од понудените. Да, учениците се вклучени во ВНА, според нивни интереси, можности, таленти, учествуваат по сопствен избор и со договор на соодветниот наставник. Активности кои се спроведуваат (спортски, научни, литературни, ликовни, музички). По потреба од соодветниот предмет се применува учебник, интернет, компјутер, работни листови, тетратки, прибор и сл. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. Во посета доаѓаат тимови од средни училишта кои им ги презентираат образовните струки, смерови, ги запознаваат со нивните програми на работа. За таа цел се организираат и сопствени активности и корисни промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Училиштето редовно ги информира родителите/старателите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија. Училиштето им дава помош на учениците и на нивните родители/старатели во избор на средното училиште. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br>- училиштето има добар углед, добро е прифатено од локалната заедница/Општината;<br>- училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури;<br>- соживотот во училиштето добро функционира, постои професионална соработка меѓу наставен кадар – ученици – педагошка служба – родители – други вработени;<br>- поведението и дисциплината во училиштето се на солидно ниво, се почитува куќниот ред од сите вработени и од учениците;<br>- застапено е учеството на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми;<br>- добро се познаваат и почитуваат правата на децата и еднаков и правичен е третманот кон сите ученици;<br>- соработката со родителите/старателите, општината и урбаната заедница се задоволително ниво;<br>- училиштето има протоколи и стратегии за превенција и заштита од насилство, за справување и заштита од пушење, алкохол и наркотични средства;<br>- училиштето води кампања за здрава исхрана;<br>- училиштето воспитно и образовно делува посочувајќи им на учениците и на вработените како да ја одржуваат личната хигиена, хигиената во просториите во кои престојуваат и хигиената надвор од училиштето;<br>- грижата за безбедноста на учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето е задоволителна;<br>- училиштето се грижи за ученици од социјално ранливи семејства, обезбедува материјални средства за нивно успешно следење на воспитно-образовниот процес;<br>- училиштето и стручната служба во училиштето има механизми за препознавање учениците со здравствени проблеми и на социоемоционалните тешкотии кај учениците;<br>- училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието |
|---|
| **Силни страни**<br>* Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал;<br>* Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја подржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;<br>* Соработката со родителите е на завидно ниво;<br>* Училиштето го поттикнува прифаќањето и промовирањето на мултикултурализмот, успешно го реализира проектот за меѓуетничка интеграција;<br>* Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку Веб страна на училиштето, преку заеднички групи на социјалните мрежи;<br>* Во училиштето се негува хуманоста и солидарна помош кон ученици од социјално загрозени семејства;<br>* Училиштето соработува со: МОН, БРО, Општина Маврово и Ростуше, МВР, Центарот за социјални работи - Гостивар, други училишта итн.;<br>* Се почитува и спроведува кодексот на однесување меѓу ученик - наставник - психолог - директор - останатите вработени;<br>* Постои меѓусебна соработка со локалната самоуправа, при реализирање на разни активности;<br>* Се води грижа за насочување на учениците за правилен избор на понатамошно образование - професионален развој на учениците. |

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>* Недоволна иницијативност и предлози од страна на учениците за вклучување во вонnаставните активности и подобрување на работата на училиштето;<br>* Наставниците не се обучени за употреба на ПП апарати од стручно лице.<br>* Училиштето во недоволна мера планира и реализира заеднички наставни и/или вонnаставни активности со хетерогени групи, со партнерско училиште во кое се одвива настава и на други наставни јазици. |
| **Приоритети**<br>- Училиштето да изготви план и стратегија како да ги поттикне учениците на поголема вклученост и учество на Училишниот парламент при реализацијата на вонnаставните (слободни) и вонучилишни активности;<br>- Наставниците во текот на наставата можат да користат повеќе методи и техники во процесот на спроведување на работилниците и предавањата со цел да дадат поддршка и поголема соработка со учениците во остварување на предвидените постигања во одредено подрачје. |

☐

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Статут на училиштето<br><br>Деловник за работа на УО<br><br>Записници<br><br>Одлуки<br><br>Извештаи<br><br>Прирачник за УО за основни училишта<br>Програма за работа на директорот<br><br>Програма за професионален развој на директорот<br><br>Инструменти за следење на наставно образовниот процес<br><br>Самоевалуација<br><br>План за развој на училиштето<br><br>Записници од стручни активи<br><br>Записници од ученичка заедница<br>Записници од состаноци на совет на родители | Управување со училиштето | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.<br>Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите.<br>Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.<br>Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Анкета родители – 50% целосно се согласиле дека се вклучени и информирани за одлуки во училиштето и библиотеката е достапна за сите ученици, 10% се согласуваат, 30% не се согласуваат, а 10% целосно не се согласуваат со тоа. |
| | Раководење со училиштето | Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>Во училиштето се изготвува план и распоред за користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Училиштето обезбедува потрошен материјал, по барање на наставниците за реализација на наставните и воннаставните активности. |
| | Раководење со кадарот | Училиштето има делумно соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Самоевалуација<br><br>Развоен план<br><br>Акциони планови<br><br>Анкети | | во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.<br>Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето немаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.<br>Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.<br>Анкета наставници – 74,7% целосно се согласуваат дека се запознати со развојната програма на училиштето, има соработка со раководство, родители и ученици, има потребен потрошен материјал, учествувале на обуки и имале посета на часови од директор и стручни соработници, а 24,9% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група наставници - Да, сме учествувале на обуки организирани од страна на БРО и МОН како дел редовни обуки и од План за развој на училиштето, темите се од областа на Промоција на тренинг за сајбер безбедност за едукатори, Сите сме еднакви, Учење на далечина, интернет апликации и платформи за учење, Претставување на медиумите, стереотипи и предрасуди, Говор на омраза во медиуми, Визуелни дезинформации и фото форензика, Родители и деца од дигитална генерација, Нови медиуми и социјални мрежи, Програма за личен развој, информациите и добиените знаења се споделуваат на ниво на Наставнички совети и Стручни активи. Планирањата по предмети на наставниците се прават индивидуално и се споделуваат искуства и мислења на состаноци на Стручни активи. Часовите се одржуваат тековно, замена при отсуство се заменува од страна на слободни наставници и колеги. Наставните изборни предмети се избираат со понудени анкетни прашалници врз основа на понудените предмети од Наставен план и програма од БРО. Од четири категории слободни изборни предмети, дадени според водич за слободни изборни предмети, учениците бираат во тек на учебна година, еден предмет за прво и еден предмет за второ полугодие според прашалници и според условите кои се во училиштето (наставен кадар, просторни |

| | | |
|---|---|---|
| | | услови, материјални, ресурси и сл.). |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час.<br>Анкета ученици – 43,75% целосно се согласуваат дека се информирани за активностите кои се планирани во училиштето, 56,25% се согласуваат со тоа и 6,2% не знаат или немаат информација за тоа.<br>Анкета наставници – 83% целосно се согласуваат со тоа дека добиваат повратни информации за следени часови, стручно се усовршуваат и добиваат признанија за тоа, а се запознати како се троши буџетот на училиштето, 16,6% се согласуваат со тоа.<br>Фокус група родители - Секогаш добиваме навремени информации од состаноците на Совет на родители и Училиштен одбор, информации кои се битни за образование на нашите деца.<br>Фокус група наставници - Повеќето наставници се вклучени во подготвување на Развојна програма и активности, информациите се споделуваат на состаноци на тимовите за самоевалуација, на Стручни активи, огласна табла, Совет на наставници. Планирање и обезбедување на наставен материјал обезбедува училиштето (хартија, прибор за цртање и пишување, печатач, хамери, лаптоп, прожектор, ТВ, интернет), понекогаш самите наставници индивидуално обезбедуваат средства за работа и спроведување на предвидени работилници од вонаставни активности. Родителите се вклучуваат во одредени активности како работилници на традиционална храна, предновогодишни и велигденски работилници, поддршка за различни потреби на училиштето и сл. |

**Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика**

| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| Самоевалуација<br><br>Развоен план<br><br>Акциони планови | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.<br>Анкета ученици – 62,5% целосно се согласуваат дека може да земаат книги во |

| | | |
|---|---|---|
| Анкети | | библиотека/медиотека, 25% се согласуваат, 6,25%не се согласуваат, а 6,25 не знаат или немаат информација за тоа.<br>Фокус група ученици - Да, запознати се со ученички парламент, работа со педагогот и стручната служба во училиштето, претседателите на паралелки споделуваат со останатите ученици тоа што се разговара на состаноците на парламентот.<br>Фокус група родители - Генерално децата сакаат да одат на училиште, за сите случувања во училиштето сме навремено информирани, од нашите деца и од наставниците (одделенски наставници) и стручната служба. Родителите се информираат за напредокот и оценувањето на нивните деца преку родителски состаноци (групни и индивидуални), електронски дневник, евидентни листови, тестови, наставни листови, свидетелства и сл. Сме биле вклучени во училишните активности - работилници за здрава храна, традиционална храна, велигденски/бајрамски празници, за патрон празник, ден на општината, превоз на ученици за потребите на активностите. Учениците се згрижени од страна на училиштето, може да се обратат секогаш кога имаат проблем кај стручната служба, наставници, директор и секогаш од нив добиваат поддршка и се решава барањето или проблемот, ако постои.<br>Фокус група наставници - Училиштето добро ја цени работата и вложување на ангажираните наставници и нивниот придонес за афирмација и подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Наставата и квалитетот на истата се следи и оценува со посета на часови од страна на стручна служба, директор, советници, инспектори, отворени часови на кои присуствуваат и останатите наставници, се следи периодично но и по план и програма на стручна служба и директорката. Повратните информации се добиваат после посетата, на електронска пошта, писмено, усно. Според дадените препораки наставниците се трудат да ги усогласат наставните планирања и со тоа да го подобрат своето работење. Процедурите за кариерно напредување на наставници не се доволно познати како се одвиваат. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а |

| | |
|---|---|
| | планираните цели се реализираат доследно.<br>Фокус група наставници Се спроведуваат воннаставни активности – ВНА - спортски, образовни, научни, усовршување на вештини и сите наставници се вклучени во ВНА, како и сите (индивидуални и групни). Учениците делумно се вклучени во организирање и предлози за спроведување на ВНА. Тековно учествуваат на натпревари – литературни средби, информатика, англиски јазик. Ги идентификуваме надарените ученици и учениците со образовни потреби со континуирано следење на нивните образовни резултати и постигања, со уредно водење на ученички досиеја, со водење на досиеја за учениците со потешкотии, наставата се одвива во согласност со нивните потреби и наставните единици се прилагодени со активности според нивните можности. Додатната и дополнителната настава во училиштето добро е организирана, учениците посетуваат ваква настава според тоа што наставниците го сметаат за недостиг на одредени знаења по предметите, наставниците самите одбираат на кој ученик му е потребно да го совладаат одредениот материјал. Генералната клима е добра, наставниците соработуваат помеѓу себе до одреден степен, споделуваат мислења и искуства, даваат конструктивни предлози на Совети и Стручни активи, секогаш се трудиме да се надминат сите непријатни ситуации и да се решат на конструктивен начин.<br>Учениците во нашето училиште се од различни етникуми, соработката меѓу нив е добра, доволно се помагаат меѓусебно, не прават никаква разлика по никој основ, не постои дискриминација на ранливите категории. Преку работилници и предавања од стручната служба и во редовната настава учениците се запознаени со нивните права и обврски, со стереотипи и говор на омраза, ненасилна комуникација, конфликтни ситуации и примери за нивно надминување. |
| Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br>Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.<br>Анкета родители – 40% целосно се согласуваат дека наставниот кадар е квалитетен и компетентен и дека знаат како се троши буџетот на училиштето, 50% се согласуваат со тоа, а 10% не се согласуваат со тоа. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Различните тела во училиштето промовираат тимска работа, наставниците се вклучени во различни тела и комисии, родителите се вклучени во различни тела и се промовира работата на Ученичката заедница. Управувањето со училиштето се врши со почитување на ингеренциите и со активности во повеќе сегменти. Раководењето на училиштето се потпира на тимски залагања, отвореност и комуникација, поддршка, професионализам во работењето, афирмирање и промовирање на постигањата.<br>Управувањето и раководењето взаемно се поддржуваат и унапредуваат со заедничка цел да се подобри квалитетот на работењето за да се постигнуваат високи резултати во реализација на наставата и учењето.<br>Постои интерес и мотивираност од наставниците да бидат вклучени во различни обуки и професионално да се усовршуваат. Професионалниот развој на наставниците е многу важен за унапредување на работата во воспитно-образовниот процес. Наставниците ги прифаќаат и активно се вклучуваат во процес на професионално усовршување. Постојат повеќе можности за изнесување на наставни потреби за професионален развој.<br>Се промовираат воннаставните ученички активности, се следат натпревари и се промовираат постигањата на учениците. |
| **Силни страни**<br>- Различните тела во училиштето промовираат тимска работа, наставниците се вклучени во различни тела и комисии,<br>- Постои интерес и мотивираност од наставниците да бидат вклучени во различни обуки и професионално да се усовршуваат;<br>- Наставниците сакаат професионално да се усовршуваат;<br>- Се промовираат воннаставните ученички активности. |
| **Слаби страни**<br>- Нужно е поголемо вклучување на родителите и локалната заедница, да се развие партнерски однос на помош и промоција на училиштето и неговата работа како и поголемо активност на советот на родители.<br>- Нужно е да се обезбедат соодветни обуки, како за наставници, така и за родители според различната вклученост во училишните тела, комисии и образовниот процес во целост. |
| **Приоритети**<br>- Градење на партнерски однос со родителите;-недоволна ангажираност  на родителите во повеќето тековни активности од кои има потреба училиштето. |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели |
| Анкета за наставници |
| Анкета за ученици |

| |
|---|
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ Денче Дејаноски – Маврови Анови за период 2022-2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161 од 5.8.2019 година) Општинското основно училиште ,,Денче Дејаноски,, изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022 – 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 17.5.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Слаѓана Симуноска, Златица Гаврилоска, Александар Михајловиќ, Јелена Змејкоска и Олгица Малакоска.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај-јуни 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Јелена Змејкоска, Олгица Малакоска, Севдие Фазлија, Маја Манојлоска |
| 2. Постигања на учениците | Александар Михајловиќ, Даниела Анѓелкоска, Јасмина Аврамоска Коцеска, Билјана Дејаноска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Лидија Грозданоска-Миркоска, Наташа Петроска, Трајче Миркоски, Шабан Салаи |
| 4. Управување и раководење | Слаѓана Симуноска, Златица Гаврилоска, Христина Пецаноска, Валмир Мазлами |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје

направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 18.6.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училиштето во целост ги реализира Наставните планови и програми според тековната наставна програма и Новата концепција за основно образование.<br>- Постојат можности за прилагодување на плановите и програмите според потребите на учениците, родителите, наставниците и локалната средина, но тие промени да бидат транспарентни и достапни до сите субјекти.<br>- Наставните планови и програми им се достапни на секој заинтересиран учесник во воспитно-образовниот процес: наставник, ученик, родител, советник, директор, педагог и др. по негово барање, а се чуваат кај педагошката служба на училиштето.<br>- Учениците можат да вршат избор на наставни предмети преку анкетни прашалници од страна на педагошката служба на училиштето на крајот од учебната година.<br>- Наставниците за да ги осовременуваат и усовршуваат Наставните планови и програми им се дава можност со тоа што се упатуваат на: семинари, обуки, советувања, конгреси, теренска настава, на располагање стручна литература и др.<br>- Можностите за интегративен пристап кон наставните содржини од различни предмети се реализираат, но треба да се работи на усогласување на Наставните програми од различни предмети да бидат временски компатибилни .<br>- Наставните планови и програми имаат голем удел во личниот и општествениот развиток на учениците без разлика на полова, расна и етничка структура, а воедно и влијаат врз разрешување на различни видови конфликти.<br>- Образование за човековите права се реализира преку: часовите на Граѓанско образование, одд. час, часовите по историја.<br>- Во училиштето се реализираат голем број на вон-наставни активности и тоа: работа во секции, хуманитарна, еколошка, социјална акција, еднократна работилница, еколошки клуб, спортски клуб, дополнителна, додатна настава, меѓупредметни проекти или истражувања и сл.<br>- Во воннаставните активности се вклучени ученици со различни психофизички способности.<br>- Со реализацијата на сите вонnаставни активности училиштето стекнува признанија и награди.<br>- Наставниот кадар, со помош на стручната служба и директорот, успешно ги изготвуваат годишен глобален план, тематски планирања за секој наставен предмет, оперативни планови за час/сценарија за час, годишен план за дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности. Во тематските планирања се наведени и часовите во кои има примена на ИКТ;<br>* Редовно се одржуваат состаноци на Стручните активи каде наставниците разменуваат искуства и информации за планирањата и други потреби во врска со наставата (се дискутира за обуки, семинари и сл.), а тоа е уредно запишано во записници;<br>* Наставниците применуваат различни форми, методи, техники на работа при реализација на наставната програма, индивидуална |

| |
|---|
| работа, работа во парови, кооперативно учење, изработка на визуелни помагала и проекти во рамки на наставата и сл. , се применува ИКТ во наставата, истражување, презентации, вежби и др. ;<br>* Се применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини кај секој ученик. Подеднакво се однесуваат кон сите ученици, не се прави разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничка припадност и ги насочуваат учениците да не користат било какви стереотипи во секојдневната комуникација;<br>* Директорот и педагогот на училиштето вршат увид на час, кај секој наставник, за што се води записник со сугестии;<br>* Секој наставник во училиштето има портфолио, со стекнати сертификати, обуки и искуства;<br>* Училишната клима во училиштето е на високо ниво, се користат различни методи и материјали за стимулација при учење;<br>* Училиштето помага да се разбере проблематиката и опасноста од современите закани во општеството;<br>* Во училиштето постои кодекс на однесување и за учениците и за наставниците. Однесувањето помеѓу половите и меѓу учениците од различна верска и етничка припадност е пријателско. Не постојат стереотипи и никаква поделба;<br>* Училиштето активно се залага за задоволување на потребите на учениците од социјално ранливи категории и за нивно активно вклучување во наставниот процес;<br>* Наставниците редовно остваруваат групни и индивидуални средби со родителите, при што родителите имаат увид за постигнувањата на детето;<br>* Работата на наставникот и оценувањето редовно ги следи и вреднува педагошката служба од училиштето;<br>* Оценките јавно им се соопштуваат како на ученикот, така и на родителот со одржување на родителски состаноци, организирање индивидуални средби (повикување на родител и сл.), писмени известувања за напредокот на ученикот по предмети, како и за нивната дисциплина. |
| **Силни страни**<br>* Целокупниот колектив се стреми кон помодерна, посовремена настава со примена на најсовремени форми и активни методи на работа и примена на голем број нагледни средства.<br>* Вклучување на училиштето во голем број на проектни активности: вклученост на наставници на конгреси, обуки, семинари, објавување стручни трудови.<br>* Мотото на училиштето е ,,Квалитетно училиште со квалитетна настава по мерка на ученикот’’ што укажува на тоа дека ученикот е во центарот на воспитно образовниот процес. Се изработуваат годишни, неделни планирања и сценарија во одделенска настава, тематско-процесни планирања, оперативни планови, сценарија со примена на интеграции и корелации на содржините по одделни наставни предмети. Учество на наши наставници на семинари и обуки организирани од БРО—Учење на далечина-интернет апликации и платформи на учење; Инклузија и пристапи во поучување на учениците со посебни образовни потреби/попреченост.;<br>* Стратегии и менаџмент во училница-принципи и примери за добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и онлајн-виртуелна училница;<br>* Редовно следење на тековните онлајн вебинари. |
| **Слаби страни**<br>* Недоволна корелација во наставните програми помеѓу различни наставни предмети како би била поголема можноста од примена на интегрирана настава. |

**Приоритети**
* Натамошно усовршување на Наставните планови и програми и примена на најсовремени методи и форми на работа, наставна технологија согласно барањата на современите текови во наставата;
* Корелација во наставните програми помеѓу различни наставни предмети како би била поголема можноста од примена на интегрирана настава;
* Професионален развој и усовршување на наставниците преку идни обуки, семинари и сл.;
* Прилагодување на училниците за кабинетска настава;
* Збогатување на библиотеката со нови лектирни изданија и набавка на нагледни средства и соодветна опрема за мултимедијални подготовки (камера, дигитален апарат и сл.);
* Соодветни инфраструктурни погодности за евентуални ученици со посебни потреби.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**
- Училиштето презема активности за подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност;
- Часовите по дополнителна и додатна настава редовно се реализираат и истите им помагаат на учениците во надминување на потешкотии во учењето.
- Наставниците и учениците покажуваат разбирање кон учениците со потешкотии во учењето и им помагаат за да ги надминат проблемите со учењето.
- Идентификувањето на истите се врши во соработка со наставниците и стручната служба.
- Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците, и тоа на родителските состаноци.
- од електронскиот дневник се гледа дека учениците во највисок број се редовни во наставата, има отсуства поради болест.
- Помал број ученици имаат голем број на отсуства и за тоа се известуваат родителите/старателите и Центарот за социјални работи.
- Стручната служба во училиштето реализира советувања со родителите и учениците со цел подобрување на постигањата во наставата.
- За тоа се води уредна документација.
- училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.
- Додатната настава интензивирано се реализира пред учеството на учениците на натпревари.
- Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи.
- учениците освоиле награди на општински натпревар по фудбал, награди на натпревари по информатика. Голем број од наставниците се консултираат со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците.

**Силни страни**
* Училиштето има систем за идентификација на талентирани и надарени ученици;
* Училиштето има тим за инклузија, идентификување на ученици со функционална проценка;

| |
|---|
| * Училиштето редовно изготвува распоред за дополнителна и додатна настава. |
| **Слаби страни**<br>* Недостаток на стратегија за идентификација на надарени ученици.<br>* Потреба од поголема соработка на родителите во процесот на идентификација на талентирани и надарени ученици;<br>* Потреба од поголема соработка на родителите и локалната заедница во процесот на идентификација и реализација на програмата за ученици со функционална попреченост. |
| **Приоритети**<br>* Изработување на стратегија за идентификација на надарени и талентирани ученици и нивна вклученост во повеќе училишни и вон училишни активности. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме**<br>училиштето има добар углед, добро е прифатено од локалната заедница/Општината;<br>- училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури;<br>- соживотот во училиштето добро функционира, постои професионална соработка меѓу наставен кадар – ученици – педагошка служба – родители – други вработени;<br>- поведението и дисциплината во училиштето се на солидно ниво, се почитува куќниот ред од сите вработени и од учениците;<br>- застапено е учеството на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми;<br>- добро се познаваат и почитуваат правата на децата и еднаков и правичен е третманот кон сите ученици;<br>- соработката со родителите/старателите, општината и урбаната заедница се задоволително ниво;<br>- училиштето има протоколи и стратегии за превенција и заштита од насилство, за справување и заштита од пушење, алкохол и наркотични средства;<br>- училиштето води кампања за здрава исхрана;<br>- училиштето воспитно и образовно делува посочувајќи им на учениците и на вработените како да ја одржуваат личната хигиена, хигиената во просториите во кои престојуваат и хигиената надвор од училиштето;<br>- грижата за безбедноста на учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето е задоволителна;<br>- училиштето се грижи за ученици од социјално ранливи семејства, обезбедува материјални средства за нивно успешно следење на воспитно-образовниот процес;<br>- училиштето и стручната служба во училиштето има механизми за препознавање учениците со здравствени проблеми и на социоемоционалните тешкотии кај учениците;<br>- училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. |

| |
|---|
| |
| **Силни страни**<br>* Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал;<br>* Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја подржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;<br>* Соработката со родителите е на завидно ниво;<br>* Училиштето го поттикнува прифаќањето и промовирањето на мултикултурализмот, успешно го реализира проектот за меѓуетничка интеграција;<br>* Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку Веб страна на училиштето, преку заеднички групи на социјалните мрежи;<br>* Во училиштето се негува хуманоста и солидарна помош кон ученици од социјално загрозени семејства;<br>* Училиштето соработува со: МОН, БРО, Општина Маврово и Ростуше, МВР, Центарот за социјални работи - Гостивар, други училишта итн.;<br>* Се почитува и спроведува кодексот на однесување меѓу ученик - наставник - психолог - директор - останатите вработени;<br>* Постои меѓусебна соработка со локалната самоуправа, при реализирање на разни активности;<br>* Се води грижа за насочување на учениците за правилен избор на понатамошно образование - професионален развој на учениците. |
| **Слаби страни**<br>* Недоволна иницијативност и предлози од страна на учениците за вклучување во вонnаставните активности и подобрување на работата на училиштето;<br>* Наставниците не се обучени за употреба на ПП апарати од стручно лице.<br>* Училиштето во недоволна мера планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности со хетерогени групи, со партнерско училиште во кое се одвива настава и на други наставни јазици. |
| **Приоритети**<br>* Училиштето да изготви план и стратегија како да ги поттикне учениците на поголема вклученост и учество на Училишниот парламент при реализацијата на воннаставните (слободни) и вонучилишни активности;<br>* Наставниците во текот на наставата можат да користат повеќе методи и техники во процесот на спроведување на работилниците и предавањата со цел да дадат поддршка и поголема соработка со учениците во остварување на предвидените постигања во одредено подрачје. |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br>Различните тела во училиштето промовираат тимска работа, наставниците се вклучени во различни тела и комисии, родителите се вклучени во различни тела и се промовира работата на Ученичката заедница. Управувањето со училиштето се врши со почитување на ингеренциите и со активности во повеќе сегменти. Раководењето на училиштето се потпира на тимски залагања, отвореност и комуникација, поддршка, професионализам во работењето, афирмирање и промовирање на постигањата.<br>Управувањето и раководењето взаемно се поддржуваат и унапредуваат со заедничка цел да се подобри квалитетот на работењето за да се постигнуваат високи резултати во реализација на наставата и учењето.<br>Постои интерес и мотивираност од наставниците да бидат вклучени во различни обуки и професионално да се усовршуваат.<br>Професионалниот развој на наставниците е многу важен за унапредување на работата во воспитно-образовниот процес.<br>Наставниците ги прифаќаат и активно се вклучуваат во процес на професионално усовршување. Постојат повеќе можности за изнесување на наставни потреби за професионален развој.<br>Се промовираат воннаставните ученички активности, се следат натпревари и се промовираат постигањата на учениците. |
| **Силни страни**<br>* Различните тела во училиштето промовираат тимска работа, наставниците се вклучени во различни тела и комисии,<br>* Постои интерес и мотивираност од наставниците да бидат вклучени во различни обуки и професионално да се усовршуваат;<br>* Наставниците сакаат професионално да се усовршуваат;<br>* Се промовираат вонннаставните ученички активности. |
| **Слаби страни**<br>* Нужно е поголемо вклучување на родителите и локалната заедница, да се развие партнерски однос на помош и промоција на училиштето и неговата работа како и поголемо активност на советот на родители.<br>* Нужно е да се обезбедат соодветни обуки, како за наставници, така и за родители според различната вклученост во училишните тела, комисии и образовниот процес во целост. |
| **Приоритети**<br>* Градење на партнерски однос со родителите;-недоволна ангажираност  на родителите во повеќето тековни активности од кои има потреба училиштето. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

*Натамошно усовршување на Наставните планови и програми и примена на најсовремени методи и форми на работа, наставна технологија согласно барањата на современите текови во наставата;

* Корелација во наставните програми помеѓу различни наставни предмети како би била поголема можноста од примена на интегрирана настава;
* Професионален развој и усовршување на наставниците преку идни обуки, семинари и сл.;
* Прилагодување на училниците за кабинетска настава;
* Збогатување на библиотеката со нови лектирни изданија и набавка на нагледни средства и соодветна опрема за мултимедијални подготовки (камера, дигитален апарат и сл.);
* Соодветни инфраструктурни погодности за евентуални ученици со посебни потреби
* Изработување на стратегија за идентификација на надарени и талентирани ученици и нивна вклученост во повеќе училишни и вон училишни активности
* Училиштето да изготви план и стратегија како да ги поттикне учениците на поголема вклученост и учество на Училишниот парламент при реализацијата на воннаставните (слободни) и вонучилишни активности;
* Наставниците во текот на наставата можат да користат повеќе методи и техники во процесот на спроведување на работилниците и предавањата со цел да дадат поддршка и поголема соработка со учениците во остварување на предвидените постигања во одредено подрачје
* Градење на партнерски однос со родителите;-недоволна ангажираност  на родителите во повеќето тековни активности од кои има потреба училиштето.

| Комисија за спроведување на СЕУ: | | Директор |
| --- | --- | --- |
| Јелена Змејкоска - наставничка | МП | Слаѓана Симуноска |
| Златица Гаврилоска – социолог | | |
| Александар Михајловиќ – наставник | | |
| Олгица Малакоска – одд. наставничка | | |
| Софија Сава - родител | | |